## Работилница 1. Како да не се изгубат пријателите?

### Материјали:

- работен лист за учениците: Ситуации со пријатели 1-4
- хартија
- голема хартија
- селотејп
- маркери
- прибор за пишување
- паста за заби со кутија
- материјали за воведна и/или завршна активност

### Главна активност 1

Пред активноста се обложува со хартија една кутија од паста за заби, како и самата туба од пастата (пределот кај капачето да остане слободен), по што на двете се запишува зборот: „доверба‟.

На учениците им се покажува кутијата од пастата за заби и од нив се бара да го дефинираат зборот што е на неа напишан.

Потоа од кутијата се вади тубата со пастата за заби и се кажува дека таа ја претставува сета доверба потребна за градење врски. При тоа, „случајно‟ се истиснува мал дел од пастата и се вели: „Ох, некој кажал/направил нешто што не смеел! Во ред, ајде да ја вратиме пастата назад!‟ Се разбира, обидот истиснатата паста да се врати во тубата ќе биде неуспешен, па се истакнува дека еднаш злоупотребената доверба, не може лесно да се поврати.

Потоа два големи листа хартија на кои е нацртана по една силуета на човек, а на едниот лист стои наслов: „Пријател е кога...‟, а на другиот: „Пријател не е кога...‟ се поставуваат на две одвоени места во училницата, па учениците пристапуваат наизменично кон нив и внатре во силуетите пишуваат минимум по една работа (карактеристика или постапка) што би била типична за пријател, односно во другата силуета пишуваат што не би се очекувало од вистински пријател.

На крај двете силуети се залепуваат на видно место и се читаат напишаните работи во нив.

### Главна активност 2

Сите се делат во четири групи и секоја група добива по еден дел од работниот лист за учениците: Ситуации со пријатели 1-4. Секоја група ги чита наведените ситуации, па за секоја од нив во соодветниот простор запишува што е проблемот во односот помеѓу другарите/другарките и кои се можните последици од него врз нивниот однос.

Потоа наизменично по еден претставник од секоја група прво чита по една ситуација, па го кажува идентификуваниот проблем и на крај ги посочува последиците по односот помеѓу другарите/другарките, додека да се исчитаат сите зададени ситуации.

## Дискусија 2

1. Зошто неискреноста претставува закана по интерперсоналните односи?
2. Зошто непочитувањето претставува закана по интерперсоналните односи?
3. Зошто злоупотребата претставува закана по интерперсоналните односи?
4. Има ли ситуации кога луѓето остануваат во некој однос иако континуирано се злоупотребувани (искористувани), се постапува кон нив со непочитување или неискреност?
5. Како ја разбирате изреката: „Подобро крај, отколку ужас без крај!"?

## Заклучок

Неискреноста е проблематична кога ја има во некој интерперсонален однос поради тоа што оневозможува да се изгради доверба кон лицето со кое се дружиме. Тоа пак, раѓа несигурност и не се чувствуваме комотно во односите со некој кој не е отворен кон нас. Кога неискреноста е многу често присутна или се јавува за работи кои се многу битни за некоја од страните, тоа може да резултира и со прекинување на дружењето.

Сите луѓе имаат потреба да бидат почитувани. Кога кон нас се постапува со непочитување, тоа прави лошо да се чувствуваме бидејќи претставува атак кон нашата позитивна слика за себе. Ако непочитувањето е составен дел од односите меѓу луѓето во поголема мерка, може да резултира со желба за прекинување на односите со другиот кој на најразличен начин покажува непочитување кон нас.

Злоупотребата се поврзува со чувството на искористеност и дефинитивно ги поткопува добрите односи меѓу луѓето.

Понекогаш во некои емоционални односи луѓето продолжуваат да бидат во нив и да се дружат со некои кои лошо постапуваат кон нив надевајќи се дека еден ден односот од другиот ќе се промени, или пак, се плашат да се соочат со последиците од прекинувањето на одредено дружење или однос.

Понекогаш некои односи и врски би требало да се прекинат, колку и да е тоа болно во тој момент, за да се превенира иднина што би се состоела од постојани болни моменти.

## Завршна активност

Предлог: Име + топчиња

**Рефлексија**

1. Што правевме денеска?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Работен лист за учениците: Ситуации со пријатели 1**

| Ситуации | Проблем | Последици |
|---|---|---|
| 1. Интензивно се дружиш со новата другарка Искра, која е дојдена во твоето училиште од друг град. Ти изгледа многу забавна, но и зрела. Таа живее сама со нејзината мајка веќе седум години, откако починал татко ѝ. Барем таа така ти кажала.<br>Но, кога се сретна со мајка ѝ, дозна дека всушност татко ѝ не е мртов, туку дека ги напуштил. Се чувствуваш збунето. | | |
| 2. Пред две недели му го позајми твојот мп3 плеер на Јетон, но ете веќе цела недела заборава да ти го врати.<br>Денеска за време на големиот одмор го виде како го прима твојот мп3 плеер од неговата девојка која што туку се вратила од екскурзија. | | |
| 3. Вчера бликаше од среќа. Наставничката пред целиот клас те пофали како имаш напишано прекрасен есеј и тебе тоа многу ти значеше. На одмор сите ти честитаа, но не и Санела, твојата добра другарка.<br>На крајот од денот, при излегување од училница, ја забележа во ходник како ѝ кажува на Семра дека таа пишува сто пати подобри есеи. | | |

**Работен лист за учениците: Ситуации со пријатели 2**

| Ситуации | Проблем | Последици |
|---|---|---|
| 1. На социјалните мрежи се запозна со твојот нов пријател Луан и последните два месеца беа прекрасни за вас. Изгледа малку повозрасен од тебе, но пет години и не се голема разлика.<br>Но, минатата недела случајно откри дека петте години всушност не се пет, туку 10. Се чувствуваш збунето и не знаеш колку и другите работи во врска со него се вистинити. | | |
| 2. Мислеше дека Неџла која седи со тебе во иста клупа ти е добара другарка, но вчера за време на часот по географија, забележа како се допишува со Мартин и двајцата се потсмевнуваат. Кога ја праша што се случува, одби да ти покаже некое од ливчињата.<br>Сепак, на следниот час забележа стуткано ливче под клупата и кога го отвори, прочита како Неџла те опишува како „глава со сателитски уши која сè сака да знае". | | |
| 3. Со Игор уште минатата недела се договоривте да отидете на забава. Овој петок дури и си купивте нови обетки. Претходниот ден се договоривте дека ќе се сретнете пред влезот на клубот.<br>Но, откако почека 10-тина минути, му се јави на телефон, а тој ти кажа дека му дошле на гости неговите братучетки и го сменил планот. | | |

**Работен лист за учениците: Ситуации со пријатели 3**

| Ситуации | Проблем | Последици |
|---|---|---|
| 1. Чаки, твојот добар другар, е како роден да биде ѕвезда. Баш е омилен. Постојано се фали колку неговиот тренер по аикидо се гордее со него и го смета за негов најдобар ученик, колку неговите родители се добри со него и сè му дозволуваат, колку е успешен со девојките итн. Ти по малку му завидуваш и би сакал/а да бидеш исто толку омилен/а како него.<br><br>Пред два дена се запозна со неговиот тренер по аикидо и многу се изненади кога сфати дека нему му треба време да се сети кој е тој Чаки. | | |
| 2. Вчера навистина се засрами кога, зборувајќи за Норвешка, рече дека долж нејзиниот брег има многу фројдови, наместо фјордови. Наставничката само те опомена и лесно прејде преку тоа, но веќе на одмор Сара, твојата најдобра другарка, барем така мислеше, им раскажа низ смеа на цела генерација за твојот лапсус. | | |
| 3. Минатото полугодие Симе беше неразделен од тебе. На одмор и после часови ти често купуваше за јадење и пиење и за тебе и за него.<br><br>Но, ова полугодие, после финансиските проблеми со кои се соочија твоите родители, не си во состојба да имаш голем џепарлак. На твое големо изненадување, Симе некако те избегнува. | | |

**Работен лист за учениците: Ситуации со пријатели 4**

| Ситуации | Проблем | Последици |
|---|---|---|
| 1. Многу си бесен/на на Емир. Тој, како претседател на класната заедница, наместо да ги застапува интересите на сите ученици, се грижи само за себе. Кога вчера професорот по хемија сакаше на сите да им стави слаби оценки, го издвои само Емир заради неговата функција. Емир мудро си молчеше иако другите ученици негодуваа. „Подобро некој да се спаси, отколку сите да настрадаме!“, се правдаше Емир по часовите. | | |
| 2. Кога пред неколку недели правевте откачени фотографии со Розета, тоа беше чиста забава. Сликите беа само за вас. Барем така те уверуваше Розета.<br>Но, откако таа се реши да ги прикаже сликите на социјалните мрежи, сите почнаа да покажуваат со прст кон тебе. Не ти е сеедно што сликите се најдоа на интернет, особено што цело училиште ти се потсмева. Многу си лут/а на Розета. | | |
| 3. Другарка ти Ива ти станува по малку чудна. Секогаш приоѓа до тебе и се консултира за задачите по математика и после тврди дека и самата исто ги решила иако никогаш прва не ги покажува решенијата. Исто така, секогаш кога си ја прашал/а за некое дело кое го има прочитано, таа ти кажува | | |

| | | |
|---|---|---|
| малку информации, па дури и погрешни работи, а отпосле негира дека така ти кажала. | | |